ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ "КОМУНАЛЕЦ" Ц.Д.
Бр. 02-5394
27 05 2014 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ КРИВА ПАЛАНКА

Ј.П. „КОМУНАЛЕЦ„ КРИВА ПАЛАНКА
Адреса :КривоПаланка , "Илинденска " бр. 17
Телефон и факс: 031 * 375-100 Директор ; 375-747 Комерција
Жиро сметка 320 - 1000050418 - 67 ЦентралнаКооперативна Банка–Скопје
Жиро сметка 210-040270350130 Тутунска Банка
Жиро сметка :240-3500013189 - 69 УНИ- Банка
Е.Д.Б. МК4015989100876

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
на Ј.П. „Комуналец“ за 2014 година

Мај, 2014 год.

Крива Паланка

ВОВЕД

Јавното претпријатие „Комуналец“ – Кр.Паланка ги извршува следните дејности на територијата на Општина Крива Паланка:

-Снабдување со вода за пиење (зафакање,обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до корисникот на услугата)
-одведување и пречистување на отпадни води
-собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад
-Одржување на јавна чистота (чистење ,миење и метење на јавни површини,јавни и отворени простори за јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови)
-одржување на паркови и рекреативни површини и работи на спортски објекти (изградба, одржување и користење на зелени површини ,садење на ниска и висока вегетација ,косење на трева како и сечење на дрва и гранки)
- поставување и одржување на јавно осветлување
-одржување на гробишта
-отворени и затворени пазари на големо и мало и др.

Сите дејности кои ги обавува ЈП„Комуналец“-Кр.Паланка се усогласени со Националната Класификација на дејности и се запишани во Централен регистар на РМ.

Сите активности за горе наведените дејности се извршуваат според секојдневните оперативни планови и секојдневните настани.

При изготвување на Програмата за работа за 2014 година појдено е од интересите и целите на претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето,целосно искористување на постојните капацитети,подигање на нивото на услугите,максимална ангажираност на вработените и смалување на трошоците во работењето.Исто така,како појдовна основа за изготвување на програмата, земена е во предвид и реализацијата на Програмата од 2013 година.Сите активности кои не се завршени во 2013 година,се предвидуваат да се завршат оваа година.Одредени активности не беа завршени во 2013 година поради немање на средства,бидејќи со Програмата за работа за 2013 година,беше предвидено дел од средствата да се обезбедат од Владата на РМ преку Министерство за транспорт и врски.Средствата што беа предвидени да се обезбедат од тековното работење и приклучоци,беа целосно обезбедени и овој дел од Програмата е целосно реализиран.

За планираниот обем на работните задачи,квалитетот на извршување на работите и постигнување на добри финансиски резултати,како појдовни елементи при изработка на Програмата земени се условите за стопанисување во економската сфера во државата и потребите за развој на претпријатието.

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

Ј.П. Комуналец–Крива Паланка очекува во 2014 год. да оствари вкупен приход од 48,500,000 денари од причина што освен од зголемување на приходите од основните дејности очекува и нови приходи како резултат на набавените машини и опрема во 2013 год.

Исто така Ј.П. Комуналец-Кр. Паланка ги има обезбедено сите потребни лиценци за изведување и одржување на објекти а врз основа на кои ќе можеме да учествуваме на тендери и истите ги добиваме што ќе овозможи поефикасно искористување на работната сила во претпријатието.

Во 2013 год. се започна со изградба на пластеник за одгледување на расаден материјал (цвеќиња) што директно ќе се одрази во заштедување на потрошокот – набавка на цвеќиња, бидејќи ние ќе ги произведуваме цвекињата во саксии.

За да може да го оствари горенаведениот приход Ј.П. Комуналец-Крива Паланка аналогно на тоа предвидува да направи одредени расходи и тоа:

- Потрошен материјал и резервни делови.....4.000.000,00
- Потрошена електрична енергија.....1.300.000,00
- Потрошено гориво.....3.700.000,00
- Пресметана амортизација.....4.000.000,00
- Бруто плати.....25.500.000,00
- Репрезентација.....750.000,00
- Нематеријални трошоци.....6.300.000,00
- Занаетчиски услуги и одржување.....1.000.000,00
- Непредвидени расходи.....1.440.000,00
- Обука и набавка на опрема за справување со кризи и елементарни непогоди.....60.000,00
- ВКУПНО.....48.050.000,00

Ј.П. Комуналец-Крива Паланка за 2014 година планира да распише тендери за набавка на одредена опрема какошто е пумпа за вода, пумпа за цистерна, машина за косење трева, набавка на столбна трафостаница за филтер-станица, два нови колектори за градскиот базент и друга опрема која е неопходна за нормално и квалитетно работење.

За да може да ги прати современите методи во врска со откривање на дефекти, заштеда на вода и слично, како и примена на посовремена апаратура, а воедно применувајќи ги и законските прописи, вработените и оваа година ќе посетуваат семинари, а на повисоко ниво и студиски патувања во странство, организирани преку Здружението на комунални претпријатија на Р.М.-АДКОМ, каде се презентираат најновите технологии од комуналните дејности во другите држави и на саеми.

Проширувајќи ги приходите од одржување на јавни површини, Ј.П. Комуналец планира да формира и нов сектор за хортикултура, а за што ќе бидат потребни и нови ангажирани лица, па од тие причини Ј.П. Комуналец планира да го зголеми и бројот на вработените.

Во 2014 год. планираме процентот на наплата на побарувањата од корисниците по разни услуги го зголемиме применувајќи ги сите инструменти за наплата почнувајќи од постојано опоменување, известување преку јавни гласила и преку инкасаторите дека корисниците може заостанатиот долг спрема Ј.П. Комуналец-Кр. Паланка да го платат на рати преку склучување на спогодба, а доколку и на тој начин не сакаат да го платат долгот ќе бидеме приморани да ги исклучуваме од водоводната мрежа, а побарувањето да си го наплатиме по судски пат.

Ј.П. Комуналец во 2014 год. планира да воведе и електронско банкарство за наплата на комунални услуги со што ќе допринесе странките да нема да имаат потреба да доаѓаат во Ј.П. Комуналец, туку директно електронски да ги плаќаат сметките.

Во 2014 год. планираме процентот на реализација по програмата за одржување на Јавни површини склучена со Општината да го зголемиме.

Врз основа на горенаведените мерки ќе дојде до зголемен процент на наплата на побарувањата, а пак, тоа директно ќе се одрази врз поредовна исплата на нашите обврски како и до поголем прилив на средства што ќе овозможи Ј.П. Комуналец–Кр.Паланка да набави нови основни средства и редовно да ги сервисира постоечките, а сето тоа ќе придонесе до давање на поквалитетни услуги на граѓаните.

Ј.П. Комуналец од Кр.Паланка планира работењето во 2014 год. да го заврши успешно и да оствари позитивен финансиски резултат од 450,000 денари.

СЕКТОР ЗА ВОДОВОД ,КАНАЛИЗАЦИЈА И ФИЛТЕР СТАНИЦА

ЈП.Комуналец-Крива Паланка во 2014 година ке одржува т.е. ќе стопанисува со седум водоводи во Општината и тоа

Градски водовод „Калин Камен „,Водовод „Скрљава и Белево„ ,Водовод „Трнци„ ,Водовод „Граничен премин Деве Баир„ ,Водовод „Узем – Жидилово„ ,Водовод „Видња„ во с.Дурачка река и водовод „Деловодци „во с.Конопница.

На водоводот Граничниот премин „Деве Баир“,ако има потреба за поголема количина на вода за потребите на преминот,се планира да се набави длабинска потопна пумпа и истата да се постави во постојниот бунар кој се наоѓа во непосредна близина на резервоарот.

На водоводот „Видња“ се планира целосно да се преработи захватот-каптажата и да се изврши поврзување на овој водовод со градската водоводна

мрежа како би можело да се користи вишокот на вода од едниот во другиот систем.

Во 2014 година на водоводот „Деловодци" ќе се преработи вториот захват-каптажа ,како и вториот резервоар кој е изграден,но пропушта атмосферска вода и затоа не се користи.Овој резервоар е изграден пред осум години и истиот е изграден неквалитетно и зидовите од бетон пропуштаат вода и не може да се користи.На истиот треба да се постави комплетна внатрешна и надворешна изолација.

Одржувањето на изворите и каптажите во „Калин Камен не само оваа година,засекогаш ќе бидат најголем приоритет со оглед дека секоја капка на вода ќе биде зафатена и ставена во системот за водоснабдување и доведена до крајните потрошувачи,што значи дека секоја година ќе бидат проверувани и исчистени сите каптажи и шахти во „Калин Камен" ,затоа што изворите се жива материја која сака секојдневно одржување.

Во Калин Камен ќе биде довршена реконструкцијата на чуварската куќа која воедно служи и како магацин за резервни делови за одржување на собирните цевководи,затоа што во зимски услови не може да се изврши транспорт до самото место.

Реализацијата на проектот„Висока зона-десен брег" за водоснабдување на граѓаните од Баглак 3 и Лозаново во 2014 година ќе биде целосно завршен. Во 2014 год ќе се изгради транспортен цевковод во должина од 980м полиетиленски цевки НД 110 од 10 бара и армиранобетонски шахта за поставување на поставување на опрема за регулација на притисок. Цевководот ќе се изгради од Баглак 3 до Куков Дол каде што ќе биде поврзан со постојниот цевковод. Со изградбата на овој цевковод целосно ќе се реши проблемот со водоснабдување на граѓаните од населбата Лозаново, затоа што во одредени моменти при голема потрошувачка на вода, иако има доволно вода во резервоарскиот простор не можеше да стигне до потрошувачите.

Започнатиот проектот за водоснадбување на висока зона лев брег се очекува оваа година делумно да се реализира. Овој проект оди преку МТВ на Република Македонија.Целокупната документација е спремна, МТВ треба да распише тендер и да се избере најповолен изведувач и да се отпочне со работа.

Проектот захват на Станечка Река и довршување на филтер станица во Крива Паланка во 2014 година целосно ќе биде завршен. И овој проект оди преку МТВ на Р.М. Тендерот беше распишан се избра најповолен изведувач и се почна со работа.Во истиот проект е целосно поврзување на Филтер станицата со водоводот Станци,водоводниот систем за водоснабдување-лев брег и постојниот водоводен систем,а исто така ќе се набави комплетна опрема за лабораторијата за испитување на квалитетот на водата како би можела да функционира и да работи Филтер станицата ,ако има потреба.

За проектот замена на азбесно-цементи цевки исто така е комплетирана целокупната документација и истата ке биде предадена во МТВ на Р.М. за да може да се распише тендер, да се избере најповолен изведувач и да се отпочне со работа.Треба да се напомене дека во минатите години реконструукцијата на гратската водоводна мрежа (замена на азбест-цементните цевки) во поголем дел

е завршена, остануваат уште пет крака со должина од 1965 м да се заврши со помали профили.

Во 2013 беа изградени захвати и транспортни цевководи од Крива Река покрај пешачката патека на кејскиот зид. Во оваа година треба да се изгради системот капка по капка за наводнување на јоргованот,јасминот,трендафилите и цвеќињата покрај пешачката стаза.

Во 2014 година се планира да се изготви техничка документација за поврзување на водоводите градска водоводна мрежа, водовод Мартиница, водовод Деловодци со водовод Трнци, бидејќи овој водовод се снадбува со вода од бунарски систем, а со поврзувањето на овој водоводво определено време кога има доволно вода нема да се користи бунарскиот систем во Трнци.

На водоводот Узем-Жидилово ќе се изврши премостување на транспортниот цевковод на премините преку Крива Река затоа што во времето кога има порои, се оштетува цевководот, исто така ќе се изврши истражување за можноста на овој водовод да се продолжи и да се поврзе со локалните водоводи во м.в.Самоков и со м.в. Пашина Воденица.

Се очекува оваа година да продолжи изградбата на паралелниот цевковод од Калин Камен до Крива Паланка,од месноста Кошари до градскиот резервоар заради изградба на МХЦ.Во овој проект ЈП„Комуналец“ целосно ќе биде вклучен за заштита на постојниот цевковод и поврзување на постојниот цевковод со новоизградениот.

И оваа година продолжува акцијата за поставување на радио модули на водомерите за далечинско отчитување.Радиомодулите ќе се постават на 50 броја водомери во стамбените згради на ул „Моша Пијаде“ и ул „Партизанска“.

Со поставување на радиомодулите се добива многу точно и брзо отчитување од една страна , а од друга страна корисниците добиваат со ова бидејќи не се обврзани да бидат дома и инкасаторот нема да влегува во нивниот стан-купатило каде што се поставени водомерите.Со оваа акција ќе се продолжи и во наредните години,а се во зависност колку средства ќе можат да се обезбедат за реализација на истата.

Освен реализацијата на проектите од сферата на водоснадбување ЈП „Комуналец“ ќе биде вклучен и во останатите проекти што ќе бидат реализирани од страна на Општината. Се очекува да се реализира проектот изградба на фекална канализација Бојанов Дол. Треба да се изврши целосна реконструкција на канализационата мрежа од населбата Грамаѓе во село Конопница изградени се четри крака од корисниците према течението на Крива Река,а истите не се изведени до Крива Река.

Со изградба на улиците во нас. Лозаново и нас. Баглак 3 како и со изградба на мостот на Куков Дол сите водоводни и канализациони шахти ќе бидат надградени или спуштени според нивелацијата на патот.

ЈП „Комуналец“-Крива Паланка оваа година целосно ќе изврши реконструкција и пренамена на објектот Реонски Зелен Пазар на улица „Илинденска“ во Крива Паланка. Просторот се очекува да биде завршен – пренаменет во деловен простор во првата половина од годината и истиот ќе биде издаден под наем-закуп што претпријатието ќе има дополнителни приходи, а овој дел од градот ќе заживее.

СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ПАЗАРИ И ГРОБИШТА

Во секторот за комунална хигиена ,пазар и гробишта во оделот за собирање ,транспортирање и депонирање на отпад за поголемо ниво на услуги околу собирањето на сметот потредно е да се набават нови 20 садови за отпад од 1.1 м3 , да се извши тековно одржување на старите контејнери и да се постават нови садови за селектиран отпад на места каде тој и нај повеќе се создавачи ,на фрекфентна улица , раскрсница и пред поголеми созавачи на селектиран отпад, продавници и правни лица во градот Кр.Паланка.За третман на селектираниот отпад потребно е да се изгради пункт со настрешница ,балирка и вага каде ќе се балира и пакува селектираниот отпад

На недоволно пристапните улици во градот и Општината КР.Паланка се планира да може и во тие подрачја да се врши поквалитетно и ефикасно собирањето на комуналниот смет и да не се прават диви депонии во Општината .На корисниците на услугата собирање и депонирање на комунален смет, ЈП Комуналец Кр.Паланка дава можност сите оние кои што сакат да набават садови за отпад-пластични канти од 120 лит,можат да ги купат од ЈП Комуналец Кр.Паланка а да ги отплаќаат на 12 месечни рати преку месечната сметката на ЈП Комуналец.Во гратската депонија треба до се изгради базент со прскалки за миење на тркалата од возилата на излезот од депонијата,и да се до огради депонијата .За насипување со земја и затварање на косини на депонијата спотребни се 1000.00м3 земја или шут.

Во делот од програмата за одржување на јавната чистота во градот Кр.Паланка за квалитетно оджувањње и обработка на зелените и цветни површини предвидено е да се набави мултикултиватор со приклучна косилка и фреза и други алатки кои се наменети за холтикултура.Согласно програмата за одржување на јавни површини во 2014 г за нејзино спроведување во делот за садење на цвеќе ,ЈП Комуналец во својот пластеник засеја саден материјал од разновидно цвеќе за произвотство на цвеќиња кои ќе се садат на површините за таа намена во градот,како градските паркови , нови површини и во саксии поставени на кандилабри во централното подрачје на градот.Во 2014г за во делот за миење на улици треба да се стави во функција цистерната со која ќе се перат улиците каде нема хидранска мрежа.

За Зимското одржување на улици во Опшината потредно е да се набават на време потребните количини на со сол и камена ризла пред отпочнување на зимската сезоната .Исто така треба да се доопреми механизацијата со приклучна опрема - соларка.

На отворениот зелениот пазар за спроведувањето на ХАСАП-системот за безбедност со храна и добра хигиенска пракса особено при продажбата на млеко,млечки производи и јајца ,се планира да се изградат простории – боксови , кои ќе ги исполнуваат условите за трговија со храна.Санитарните чворови комплетно се планираат да се реновираат.

Во старите градски гробишта се предвидува регистрацијата и евиденцијата на гробните места да се види во електонска форма со што ќе се уредат и носителите на гробните места.
На новите градски гробишта во с,Конопница се планира да се доизгради новата градска капела,, а исто така се планира да се оформи и нова алинеа бр.7 во која се предвидени 200(двеста)гробни места со што би се задоволиле потребите за наредни 3(три)години и изградба на потпорен зид со висина оз 1,3 м и скали за доофомување на алинеа бр.6.Предвидена е изградба на настешница како заштита од дожд и сонце на влезот од гробиштата и тампонирање на новиот обиколниот пат и асфалтирање на пристапните патишта во гробишта во с.Конопница.
Согласно програмата на Општината Кр.Паланка се предвидува изработка на бехатон плочки и изработка и поплочување на тротоари ,стази и други рекреациони површини, изработка на бехатон жардињери со кои се обложуват косини од патот и воедно се засадува цвеќе.

26.05.2014 год.

Крива Паланка

ЈП.Комуналец-Крива Паланка
Директор,
Томе Тодоровски дипл.маш.инж.

Врз основа на член 23 од Статутот на ЈП.за комунални услуги Комуналец-Крива Паланка,Управниот Одбор на својата редовна седница одржана на ден **27.05.2014 година** ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП.КОМУНАЛЕЦ-КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2014 ГОДИНА

Член 1

Се усвојува Програмата за работа на ЈП.Комуналец- Крива Паланка за **2014** година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

Бр.**02-339/**4
27.05.2014 год.
Крива Паланка

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Ивица Давидовски